Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно Општинско Училиште Гимназија-Shkolla e mesme Komunale Gjimnaz
"Кирил Пејчиновиќ" Ц.О. - "Kiril Pejçinoviq" P.P
Бр./Nr. 0401-2274
09-IV. 2026 год./viti
Тетово - Tetovë

СОУ ГИМНАЗИЈА "КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ"-ТЕТОВО

Врз основа на Известувањето објавена од страна на Министерството за Образование и Наука-Скопје, Главната училишна комисија при **СОУ„Кирил Пејчиновиќ"-Тетово** го објавува следниот:

О Г Л А С

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

- Во првата година ќе се запишат **476** ученици во **14** паралеку и тоа:
- **А / НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**(**68** УЧЕНИЦИ ВО **2** ПАРАРЕЛКИ)
- ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
- Општествено –хуманистичко.....**34** ученици во **1** парарелка 60 поени минимум
- Природно –математичко.....**34** ученици во **1** паралелка 60 поени минимум
- **Б / НАСТАВА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК** (**408** УЧЕНИЦИ ВО **12** ПАРАЛЕЛКИ)
- ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
- Општествено –хуманистичко.....**204** ученици во **6** паралелки 60 поени минимум
- Природно –математичко.....**170** ученици во **5** паралелки 60 поени минимум
- Јазично-уметничко.....**34** ученици во **1** паралелка 60 поени минимум

I. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во **СОУ Гимнаизија „Кирил Пејчиновиќ'-Тетово во учебната 2026/2027 година** ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за Средното Образование, Законот за Стручно Образование и Обука и со овој Конкурс.

Условите за запишување на учениците во прва година се:

- Да имаат завршено основно образование
- Да не се постари од 17 години,а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години
- Да се определил за план и програма за гимназиско образование и
- Да ги исполнуваат критериумите утврдени во овој оглас.
- **Критериуми за избор на учениците се:**
- -среден успех на ученикот **од VI до IX одделение**
- -среден успех на ученикот постигнат по четри предмети:мајчин јазик,странски јазик и два предмета што се од значење за секторот.-дипломи за освоени I,II, и III место во меѓународни и државни натпревари,за усвојување на прво место согласно акредитираните наставници за реализација на натпревари за основно образование од страна на Министерство за Образование и Наука. - средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение .
- Учениците од ромска етничка заедница можат да се запишат во училиштето ако имат до 10% помлку поени од бројот на поените предвидени во огласот на гимназиско образование.Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа:

- за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10). За средниот успех постигнат од четирите предложени наставнипредмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два

предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:
- За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени –
-За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен.
- За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).
Утврдениот минимум број поени за првото пријавување е составен дел на овој Конкурс.
ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ-задолжителен предмет:мајчин јазик и математика.
II.ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ
По објавувањето на прелиминарната листа, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

- пријава за запишување (пријавата учениците можат да ја генерираат со печатење на електронска пријава преку системот за е-услуги);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, насоката, односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

ЗАБЕЛЕШКА:документите да не се доставуваат по пошта

III.КОНКУРСНИ РОКОВИ
Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање,преку линк до сиситемот за електронски услуги на Министерството за Образование и Наука https://e-uslugi.mon.gov.mk/ со посебна најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на **schools.mk.**

ЈУНСКИ УПИСЕН РОК:

Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од **00:00 часот** на **12. Јуни** до **23:59 часот** на **15 Јуни 2026** година.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на **16 јуни од 08.00 часот до 19.00 часот и на 17 јуни 2026 од 08.00 часот до 15.00 часот**.
Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **18 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот** на огласната табла на училиштето или на училишна веб страница.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на **22 јуни 2026 година,** а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на **22 јуни 2026(истиот ден)- година**, на огласната табла на училиштето и на веб страна на училиштето.

Второто електронско пријавување на учениците ќе се врши на **23 јуни 2026 година од 00:00 до 23:59 часот.**

Доставувањето на потребената документација до училиштата е на **24 јуни 2026 година од 08.00 часот до 15.00 часот** . Конечната ранг листа за секое училиште **година, најдоцна 25 јуни до 12.00 часот** на огласната табла на училиштето и на училишна интернет страница.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на **29**

јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на истиот ден **29 јуни 2026 година**, на огласната табла и на веб-страна на училиштето.

АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК:

Учениците кои се упатени на поправни испити ,испит на годината,испити за побрзо напредување може да се запишат во училиштата во кои има слободни места и ги исполнуват условите пропишани во Конкурсот,после јунскиот уписен рок со две пријавувања

Пријавување на учениците ќе се врши на **20 август 2026** година од **00-00** часот до **15.00 часот** електронски.Доставување на потребната документација до училиштата е на **21 август 2026** година од **08.00 часот до 14.00 часот**.Конечната ранг листа со резултатите од запишување ќе се објавуваа на **21 август 2026** година ,најдоцна до **19.00 часот**.По објавувањето на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето ,учениците кои не се запишани задолжително ја подигнуваат целокупната документација поднесена во училиштето во рок од **24 часа**, а училиштето имаа обврска да ги врати сите документи на учениците во рок **од 24 часа.**

Состави и изготви:Сами Вехапи-Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар

09.04.2026

Училишна комисија за упис на ученици за учебната 2026/2027 година

Директор
Јетон Камбери

Jeton Kamberi

Digitally signed by Jeton Kamberi
Date: 2026.04.09 09:41:20 +02'00'